**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-33/3**
**Скопје,18.02.2025 година.**

Записник од осумнаесетта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 18.02.2025 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа м-р Кети Петкова член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што беа исполнети условите за одржување на осумнаесеттата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори осумнаесеттата седница на Советот и воедно предложи дневниот ред да биде дополнет по што истиот ќе гласи:

**Дневен ред**

1. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп
2. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гевгелија
3. Донесување на одлука за вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево до избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево за време не подолго од шест месеци
4. Разно

Вака дополнетиот дневен ред предложен од страна на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека на објавениот оглас од страна на Советот на ден 05.12.2024 година, за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Прилеп се има пријавено само еден кандидат. Истакна дека пријавениот кандидат Лидија Салатоска Илиоска ја извршува функцијата јавен обвинител во ОЈО Прилеп. Воедно ги запозна членовите на Советот со биографијата на кандидатот и движењето во кариерата. Кажа дека ја има завршено обуката за судии и јавни обвинители во АСЈО и дека е позитивно оценета од страна на ВЈО Битола по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Јелена Догазанака Колева кажа дека пријавениот кандидат ги исполнува условите за Основен јавен обвинител на ОЈО Прилеп. Кажа дека во ова јавно обвинителство моментално има двајца јавни обвинители од кои еден ги исполнува условите и од тие причини смета дека Советот треба да даде подршка истиот да биде избран за ОЈО на ОЈО Прилеп.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека била дел од Комисијата која го водела интервјуто со кандидатот за избор на ОЈО на ОЈО Прилеп и смета дека имајќи во предвид сите оценки и движењето во кариерата на јавниот обвинител, дека се работи за јавен обвинител кој ги исполнува сите услови, дека е со големо работно искуство, поседува интегритет и дека ќе може да одговори на фукцијата ОЈО на ОЈО Прилеп.

Г-ѓа Марјана Илиеска даде подршка за јавниот обвинител кој се има пријавено на огласот за избор на ОЈО на ОЈО Прилеп. Кажа дека доаѓа од тоа јавно обвинителство каде со кандидатот имала долгогодишна соработка и смета дека јавниот обвинител Лидија Салатоска Илиоска има интегритет, стручност и чесност и дека може да раководи со ОЈО Прилеп. Воедно кажа дека ќе го подржи кандидатот за избор на ОЈО на ОЈО Прилеп.

Членот на Советот г-дин Ермон Незири кажа дека бил во Комисијата што го водела интервјуто со кандидатот. Го радува фактот што кандидатот се има јавено на огласот и прифаќа да раководи со ова јавно обвинителство. Воедно кажа дека го подржува кандидатот за избор на ОЈО на ОЈО Прилеп и дека Советот секогаш е отворен за соработка.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека дава подршка на кандидатот за избор на ОЈО на ОЈО Прилеп. Истакна дека во ова јавно обвинителство има само двајца јавни обвинители, и дека состојбата е критична и се надева дека со новиот оглас за избор на јавни обвинители со завршена обука за судии и јавни обвинители, некој од кандидатите ќе се пријави за ова јавно обвинителство. Воедно смета дека кандидатот ги исполнува условите и дека ќе може да одговори на функцијата ОЈО на ОЈО Прилеп.

Откако никој не зема збор се премина на гласање.

Со десет гласа ЗА за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп беше избрана Лидија Салатоска Илиоска јавен обвинител во ОЈО Прилеп.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која јавниот обвинител Лидија Салатоска Илиоска е избрана за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп.**

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека на објавениот оглас од страна на Советот на ден 27.12.2024 година, за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Гевгелија се има пријавено само еден кандидат. Истакна дека пријавениот кандидат г-ѓа Василка Садикова Ковачева ја извршува функцијата Основен јавен обвинител на ОЈО Гевгелија. Воедно ги запозна членовите на Советот со биографијата на кандидатот и движењето во кариерата, кажа дека во два наврати ја извршувала оваа функција и исто така била и ВД ОЈО на ОЈО Гевгелија три пати. Позитивно е оцената од страна на ВЈО Скопје по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема членот на Советот г-ѓа Светлана Стојковиќ која кажа дека на огласот за избор на ОЈО на ОЈО Гевгелија се има пријавено само еден кандидат, јавниот обвинител Василка Садикова Ковачева и кој воедно е и единствен јавен обвинител во ова јавно обвинителство во последните неколку години. Истакна дека и покрај сите потешкотии со кои се има соочено јавниот обвиниел изминатиот период како единствен јавен обвинител во ОЈО Гевгелија со дежурства од 365 дена во годината, смета дека успешно ја извршувала јавнообвинителската функција. Кажа дека станува збор за јавен обвинител со големо работно искуство, професионалност и стручност и смета дека заслужува да и се даде доверба да ја извршува функцијата ОЈО на ОЈО Гевгелија .

Членот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека била дел од Комисијата која го вршела интервјуто со кандидатот и смета дека истата поседува интегритет и стручност, со оглед дека веќе три мандати го извршува ова раководно место и функција. Смета дека заслужува Советот и овој пат да и даде доверба и биде избрана за ОЈО на ОЈО Гевгелија. Воедно даде поддршка на кандидатот при изборот за шеф на ОЈО Гевгелија.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека исто така бил дел од Комисијата која го водела интервјуто со кандидатот и воедно даде поддршка за избор на јавниот обвинител за ОЈО на ОЈО Гевгелија, од причина што станува збор за искусен и стручен јавен обвинител.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека состојбата во ОЈО Гевгелија е загрижувачка последните неколку години, каде потенцираше дека во последните четири години во ова јавно обвинителство има само еден јавен обвинител. Кажа дека станува збор за јавно обвинителство со проширена надлежност и дека во ова јавно

обвинителство пред неколку месеци биле упатени двајца јавни обвинители од ОЈО Велес на испомош. Во моментот се чека на кандидатите со завршена обука за судии и јавни обвинители по објавениот оглас од страна на Советот да се јави некој кандидат за ова јавно обвинителство. Кажа дека станува збор за јавен обвинител со 27 годишно работно искуство, дека сама ја врши функцијата и при извршените контроли немало забелешки во нејзината работа. Воедно и честита на издржливоста и даде подршка на кандидатот за избор на ОЈО на ОЈО Гевгелија.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска се согласи со кажаното од страна на членовите на Советот и од податоците на месечните и годишните извештаи истакна дека може да се види дека одговорно ја извршувала функцијата ОЈО на ОЈО Гевгелија и покажала доста добри резултати во работењето. Воедно ја дава својата подршка на кандидатот при избор за ОЈО на ОЈО Гевгелија.

Откако никој не зема збор се премина на гласање.

Со десет гласа ЗА за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гевгелија беше избрана Василка Садикова Ковачева Основен јавен обвинител на ОЈО Гевгелија.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која Основниот јавен обвинител Василка Садикова Ковачева е избрана за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гевгелија.**

Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека јавниот обвинител во ОЈО Кичево - Манка Јаневска на 15.02.2025 година ги исполнила условите за старосна пензија и истата е пензионирана. Кажа дека во ова јавно обвинителтво исто така има сериозен недостаток од јавнообвинителски кадар и јавниот обвинител Виолета Стојаноска ги исполнува условите да биде назначена за вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево до избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево, за време не подолго од шест месеци. Воедно кажа дека станува збор за искусен јавен обвинител со долгогодишен стаж, со докажани резултати во работењето и смета дека успешно ќе одговори на оваа функција. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Заменик претседателот на Советот се согласи со искажаното од страна на претседателот на Советот и укажа дека е единствен кандидат од јавните обвинители во ОЈО Кичево кој ги исполнува условите за оваа функција. Воедно го подржа предлогот на претседателот како координатор на тоа подрачје.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека ова јавно обвинителство му е познато од причина што работел како јавен обвинител во ВЈО Гостивар подолг временски период. Истакна дека обемот на работа на тоа јавно обвинителство е голем, дека станува збор за јавно обвинителство со проширена надлежност и во моментот само овој јавен обвинител може да застапува предмети за која е предвидена

казна над пет години. Останатите јавни обвинители се со завршена Академија за судии и јавни обвинители и сеуште не ги исполнуваат условите да застапуваат предмети каде е предвидена казна над пет години. Воедно кажа дека овој јавен обвинител бил и ОЈО на ОЈО Кичево во два мандата, така што го подржа предлогот на претседателот на Советот.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот предлогот Виолета Стојаноска јавен обвинител во ОЈО Кичево да биде избрана за вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево до избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево, за време не подолго од шест месеци го стави на гласање.

Едногласно со десет гласа ЗА предлогот беше усвоен.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево се избира јавниот обвинител Виолета Стојаноска до избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево, за време не подолго од шест месеци.**

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот доставен до Советот на ден 17.02.2025 година од страна на јавниот обвинител во ВЈО Скопје Наташа Крстевска Цалева. Истакна дека Советот на одржана седница на 10.02.2025 година има донесено одлука со која јавниот обвинител се определува да раководи со ВЈО Скопје, за време додека трае оддалечувањето на ВЈО на ВЈО Скопје. Кажа дека примерок од молбата е поделен на членовите на Советот на запознавање. Истакна дека со оглед на краткиот временски рок од поднесувањето на молбата до Советот, предложи Советот да ја разгледа молбата, односно барањето и на наредна седница да се одлучи по истата, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски со мислење е дека молбата треба да се разгледа и да се види што е најдобро. Наведе дека причината е барање да биде ослободена од оваа обврска затоа што имала потреба да се фокусира на предметното работење. Кажа дека дописот го добил пред седница и цени дека Советот на наредна седница треба да заземе став и донесе одлука.

Членот на Советот г-ѓа Кети Петкова кажа дека станува збор за сензитивно прашање, смета дека е подобро Советот да ја разгледа молбата и по истата да одлучи на наредна седница на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одлучи молбата на јавниот обвинител во ВЈО Скопје, Наташа Крстевска Цалева да биде разгледана од страна на членовите на Советот и на наредната седница на Советот ќе биде одлучено по истата.**

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи осумнаесетата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**